# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 5 ноември 2003
Скопје
Број 71 Год. LIX

Претплатата за 2003 година изнесува 9.200 денари. Овој број чини 350 денари. Жиро сметка 300000000188798


**1553.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД СТАНБЕНИОТ ФОНД НА ПОРАНЕШНАТА ЈНА**

Се прогласува Законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2003 година.

Бр. 07-5362/1
29 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД СТАНБЕНИОТ ФОНД НА ПОРАНЕШНАТА ЈНА**

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за продажба на становите во државна сопственост кои се доделени на користење за службени потреби на вработени во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Член 2

Под стан доделен на користење за службени потреби, во смисла на овој закон, се подразбира стан од станбениот фонд на поранешната ЈНА доделен како стан за службени потреби од страна на Министерството за одбрана на вработени во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, заради решавање на нивното станбено прашање.

Член 3

Станот може да се продаде на корисникот на станот за службени потреби (во натамошниот текст: корисникот) ако:

- е државјанин на Република Македонија;
- има решение за доделување на користење на станот за службени потреби;
- нема стан или куќа во лична сопственост или во сопственост на член на потесното семејство (брачен другар или деца кои живеат во заедничко домаќинство) на територијата на Република Македонија и
- е во работен однос во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија или кој стекнал право на пензија во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Станот може да се продаде и на брачниот другар и на лица од потесното семејство кои живееле во заедничко домаќинство со корисникот од став 1 на овој член кој починал, доколку живеат во станот и ги исполнуваат условите од став 1 алинеи 1 и 3 од овој член.

Член 4

Продажната цена на станот се утврдува врз основа на градежната вредност, трошоците за уредување на градежното земјиште, местоположбата и амортизацијата на станот.

Продажната цена на станот ја утврдува Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.

Член 5

Корисникот поднесува барање за купување на стан за службени потреби до комисијата за спроведување на постапката за продажба на становите за службени потреби образувана во Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст: Комисијата).

Комисијата е составена од тројца членови вработени во Министерството за транспорт и врски и двајца членови вработени во Министерството за одбрана.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Кон барањето од став 1 на овој член корисникот приложува: процена на Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија за продажната цена на станот, доказ за намирени обврски по основ на плаќање надоместок за користење на станот, како и друга документација за докажување на условите утврдени во член 3 на овој закон.

Член 6

Врз основа на приложената документација, комисијата изработува договор за продажба на станот, во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на корисникот.

Доколку приложената документација кон барањето не е целосна, комисијата писмено го известува корисникот да ја докомплетира документацијата во дополнителен рок од 15 дена.

Член 7

Договорот за продажба на станот содржи особено: податоци за станот, цена на станот, начин на плаќање, рок на отплата и заложна изјава.

Договорот за продажба на станот се склучува меѓу корисникот и министерот за транспорт и врски или од него овластено лице.

Член 8

За утврдувањето на продажната цена на станот, за начинот на плаќањето на цената на станот, за уплатата на средствата за плаќање на станот и за заверувањето на договорот за продажба на станот соодветно се применуваат прописите за продажба на становите во општествена сопственост.

Член 9

Средствата остварени од продажбата на становите се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 10

На корисникот кој нема да поднесе барање за купување на станот во рокот определен во член 5 на овој закон, правото на користење на станот за службени потреби се трансформира во право на закуп врз основа на договор за закуп на стан склучен со Министерството за одбрана.

Член 11

Постапките за продажба на становите за службени потреби започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се довршат според одредбите на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ I**
**PËR SHITJEN E BANESAVE NË PRONË SHTETËRORE, ME ORIGJINË NGA FONDI BANESOR I ISH APJ-SË**

Neni 1

Me këtë Ligj rregullohen kushtet, mënyra dhe procedura për shitjen e banesave në pronë shtetërore, që janë dhënë për shfrytëzim, për nevoja zyrtare të të punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes dhe Armatën e Republikës së Maqedonisë.

Neni 2

Me banesë të ndarë për shfrytëzim për nevoja zyrtare, sipas këtij Ligji, nënkuptohet banesa nga fondi banesor i ish APJ-së, e ndarë si banesë për nevoja zyrtare nga ana e Ministrisë së Mbrojtjes, për të punësuarit në Ministrinë e Mbrojtjes dhe Armatën e Republikës së Maqedonisë, për shkak të zgjidhjes së çështjes së tyre të banimit.

Neni 3

Banesa për nevoja zyrtare mund t'i shitet shfrytëzuesit të banesës (në tekstin e mëtejmë: shfrytëzuesit) nëse:

është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

ka vendim për banesë të ndarë, për shfrytëzim, për nevoja zyrtare;

nuk ka banesë ose shtëpi në pronësi personale apo në pronësi të anëtarit më të ngushtë të familjes (bashkëshort/es apo fëmijëve, me të cilët jetojnë në bashkësi familjare) në territorin e Republikës së Maqedonisë, dhe

është në marrëdhënie pune në Ministrinë e Mbrojtjes dhe Armatën e Republikës së Maqedonisë, apo i cili e ka fituar të drejtën për pensionim në Ministrinë e Mbrojtjes dhe Armatën e Republikës së Maqedonisë.

Banesa mund t'i shitet edhe bashkëshortit apo bashkëshortes dhe personave nga familja më e ngushtë që kanë jetuar në amvisëri të përbashkët me shfrytëzuesin nga paragrafi 1 të këtij neni i cili ka vdekur, nëse jetojnë në banesë dhe i plotësojnë kushtet nga paragrafi 1 alineja 1 dhe 3 të këtij neni.

Neni 4

Çmimi i shitjes së banesës caktohet në bazë të vlerës së ndërtimit, shpenzimeve për rregullimin e tokës ndërtimore, vendit, pozitës dhe amortizimit të banesës.

Çmimin e shitjes të banesës e cakton Ndërmarrja Publike për Ekonomizim me Lokal Banesor dhe Afarist e Republikës së Maqedonisë.

Neni 5

Shfrytëzuesi i paraqet kërkesë për blerje të banesës për nevoja zyrtare Komisionit për zbatimin e procedurës për shitje të banesave për nevoja zyrtare, i formuar në Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve (në tekstin e mëtejmë: Komisioni).

Komisioni përbëhet nga tre anëtarë të punësuar në Ministrinë e Transportit dhe Lidhjes dhe dy anëtarë të punësuar në Ministrinë e Mbrojtjes.

Kërkesa nga paragrafi 1 i këtij neni paraqitet në afat prej 90 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Kërkesës nga paragrafi 1 të këtij neni shfrytëzuesi i bashkangjet: vlerësimin e Ndërmarrjes publike për Ekonomizim me Lokal Banesor dhe Afarist të Republikës së Maqedonisë, për çmimin e shitjes të banesës, dëshminë për obligimet e përmbushura në bazë të pagesës të kompensimit për shfrytëzimin e banesës, si dhe dokumentacion tjetër për konfirmimin e kushteve të përcaktuara në nenin 3 të këtij ligji.

Neni 6

Në bazë të dokumentacionit të paraqitur, komisioni harton kontratë për shitje të banesës, në afat prej 90 ditësh nga dita e dorëzimit të kërkesës nga ana e shfrytëzuesit.

Në qoftë se dokumentacioni i bashkangjitur me kërkesën nuk është i tërë, komisioni e njofton me shkrim shfrytëzuesin të bëjë kompletimin plotësues të tij në afat shtesë deri në 15 ditë.

Neni 7

Kontrata për shitjen e banesës posaçërisht përmban: të dhëna për banesën, çmimin e banesës, mënyrën e pagesës, afatin e pagesës dhe deklaratën e lënë peng.

Kontrata për shitjen e banesës lidhet ndërmjet shfrytëzuesit dhe ministrit të Transportit dhe Lidhjes, ose personit të autorizuar nga ai.

Neni 8

Për konfirmimin e çmimit të shitjes së banesës, për mënyrën e pagesës të çmimit të banesës, për arkëtimin e mjeteve për pagesën e banesës dhe për verifikimin e kontratës për shitjen e banesës, në mënyrë përkatëse zbatohen rregullat për shitjen e banesave në pronësi shoqërore.

Neni 9

Mjetet e realizuara nga shitja e banesave hyjnë në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë.

Neni 10

Shfrytëzuesit, i cili nuk do të paraqesë kërkesë për blerje të banesës në afatin e përcaktuar në nenin 5 të këtij ligji, e drejta e shfrytëzimit të banesës për nevoja zyrtare i transformohet në të drejtë qiraje në bazë të kontratës për qira të banesës të lidhur me Ministrinë e Mbrojtjes.

Neni 11

Procedurat për shitjen e banesave për nevoja zyrtare, të filluara para hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundohen sipas dispozitave të këtij ligji.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1554.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2003 година.

Бр. 07-5359/1
29 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/02, 98/02 и 25/03), во членот 131 се додава нов став 2, кој гласи:

„Дисциплински мерки на подофицери и офицери поставени на должности во Министерството за одбрана, други органи на државната власт, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби изрекува министерот за одбрана или од него овластено лице.“

Член 2

Во членот 225 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„На воен старешина кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години живот (маж), односно 50 години живот (жена), работниот однос може да му престане и по потреба на службата.

Работниот однос престанува по потреба на службата кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или установата или укинување на формациското место, а воениот старешина нема можност да биде поставен на друго формациско место.“

Член 3

Во членот 251 по точката 24 се додава нова точка 25, која гласи:

„25. Престанок на работниот однос по потреба на службата (член 225 ставови 3 и 4);“

Точката 25 станува точка 26.

Член 4

Во преодниот период од денот на влегувањето во сила на овој закон до 31 декември 2007 година, воен старешина и цивилно лице на служба во Армијата стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни пензиски стаж 40 години (маж), односно 35 години (жена), без оглед на возраста.

За исполнување на условите од ставот 1 на овој член се врши докуп на стаж, најмногу до пет години.

Основицата за докуп на стаж се определува од платата исплатена последниот месец пред остварување на правото на пензија и времето на докупот на стаж, а средствата ги обезбедува Министерството за одбрана.

Поблиски прописи за начинот и постапката за докуп на стаж донесува министерот за одбрана.

Член 5

Средствата за исплата на старосната пензија од членот 4 на овој закон, до навршување на годините на живот за остварување на право на старосна пензија по прописите за пензиското и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Правото на старосна пензија од членот 4 на овој закон се остварува во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување.

Член 7

На корисник на старосна пензија од членот 4 на овој закон, додека е во работен однос или додека врши дејност во Република Македонија, или во странство, му се запира исплатата на пензијата.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ I**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIM NË ARMATËN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

Neni 1

Në Ligjin për shërbim në Armatën e Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë”, numër 62/02, 98/02 dhe 25/03), në nenin 131 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

“Masa disiplinore nënoficerëve dhe oficerëve të vendosur në detyra në Ministrinë e Mbrojtjes, organe tjera të pushtetit shtetëror, shoqata tregtare, ndërmarrje publike, institucione dhe shërbime u shqipton ministri i Mbrojtjes ose personi i autorizuar nga ai.”

Neni 2

Në nenin 225 pas paragrafit 2 shtohen paragrafë të rinj 3 dhe 4 si vijojnë:

“Eprorit ushtarak, i cili ka së paku 25 vjet stazh pensional prej të cilave së paku 15 vjet efektivisht të kaluara në vende pune për të cilat stazhi i sigurimit llogaritet me zgjatje të zmadhuar dhe me moshë 55 vjet (burrë), gjegjësisht 50 vjet (grua), marrëdhënia e punës mundet t'i pushojë edhe sipas nevojës së shërbimit.

Marrëdhënia e punës pushon sipas nevojës së shërbimit kur do të ndodhin ndryshime në aktin për formacion të Armatës të cilat nxisin shpërbërjen e njësisë, komandës, shtabit ose institucionit ose heqjen e vendit të formacionit, ndërsa eprori ushtarak nuk ka mundësi të vendoset në vend tjetër të formacionit.”

Neni 3

Në nenin 251 pas pikës 24 shtohet pikë e re 25, si vijon:

“25. pushim i marrëdhënies së punës sipas nevojës së shërbimit (neni 225 paragrafi 3 dhe 4);”

Pika 25 bëhet pikë 26.

Neni 4

Në periudhën kalimtare prej hyrjes së këtij ligji në fuqi deri më 31 dhjetor të vitit 2007, eprori ushtarak dhe personi civil me shërbim në Armatë fiton të drejtë për pension pleqërie kur do të mbushë stazh pensional 40 vjet (burrë), gjegjësisht 35 vjet (grua), pavarësisht nga mosha.

Për plotësimin e kushteve nga paragrafi 1 i këtij neni bëhet blerja plotësuese e stazhit, më së shumti deri në 5 vjet.

Baza për blerjen plotësuese të stazhit përcaktohet nga rroga e paguar muajin e fundit para realizimit të së drejtës për pension dhe koha e blerjes plotësuese të stazhit, ndërsa mjetet i siguron Ministria e Mbrojtjes.

Rregulla më detajore për mënyrën dhe procedurën e blerjes plotësuese të stazhit nxjerr ministri i Mbrojtjes.

Neni 5

Mjetet për pagesën e pensionit të pleqërisë nga neni 4 i këtij ligji, deri në plotësimin e viteve të jetës për realizimin e të drejtës për pension të pleqërisë sipas rregullave për sigurimin pensional dhe invalidor, sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

Neni 6

E drejta për pension pleqërie nga neni 4 i këtij ligji realizohet në Fondin për Sigurim Pensional dhe Invalidor.

Neni 7

Shfrytëzuesit të pensionit të pleqërisë, nga neni 4 i këtij ligji, derisa është në marrëdhënie pune ose derisa kryen veprimtari në Republikën e Maqedonisë ose në vend të huaj, i ndërpritet pagesa e pensionit.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1555.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ “ПЛОЧЕ-ЛИТОТЕЛМИ“, ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ**

Се прогласува Законот за прогласување на локалитетот “Плоче-Литотелми“, за строг природен резерват,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2003 година.

Бр. 07-5360/1
29 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ПЛОЧЕ-ЛИТОТЕЛМИ ", ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ

Член 1

Просторот на локалитетот "Плоче-Литотелми " се прогласува за строг природен резерват (во натамошниот текст: резерват).

Член 2

Границата на резерватот започнува од составот на двата крака на Ругински Дол, од каде што се движи на исток по истоимениот поток до составот со КП 2004/1 (КО Страцин). Оттука границата продолжува во ист правец и минува по јужната страна на КП 2127 и 2126 (КО Страцин) и продолжува по Ругински Дол, при што ја пресекува КП 2004/1 и избива на раскрсницата на патот 6338. Оттука, границата свртува на север и минува по патот 6338, сѝ до раскрсницата со патот 6341. Одовде границата свртува на запад и минува по патот 6338, кој води во правец на селото Карадак. Во овој правец границата води до местото каде што започнува безимениот поток. Од ова место границата го менува правецот и се протега кон југозапад минувајќи по должината на безимениот поток и завршува на почетната точка на неговиот слив во Ругински Дол.

Вкупната површина на резерватот изнесува 75 хектари.

Член 3

Министерот за животна средина и просторно планирање ги пропишува мерките за спроведување на заштитата на строгиот природен резерват "Плоче-Литотелми" во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ I
## PËR SHPALLJEN E LOKALITETIT "PLLOÇE-LITOTELMI" REZERVAT NATYROR RIGOROZ

Neni 1

Hapësira e lokalitetit "Plloçe-Litotelmi", shpallet rezervat natyror rigoroz (në tekstin e mëtejmë: rezervati).

Neni 2

Kufiri i rezervatit fillon nga pikëtakimi i dy krahëve të Ruginski Doll-it, prej nga shkon në lindje nëpër përrockën homonime deri në pikëtakimin me PK 2004/1 (KK Stracin). Nga këtu kufiri vazhdon në të njëjtin drejtim dhe kalon nëpër anën jugore të PK 2127 dhe 2126 (KK Stracin) dhe vazhdon nëpër Ruginski Doll, gjatë kësaj e ndan PK 2004/1 dhe del në udhëkryqin e rrugës 6338. Nga këtu kufiri lakon në veri dhe kalon nëpër rrugën 6338, deri në udhëkryqin me rrugën 6341. Nga këtu kufiri lakon në perëndim dhe kalon nëpër rrugën 6338, e cila çon në drejtim të fshatit Karadak. Në këtë drejtim kufiri çon deri në vendin ku fillon përrocka e paemërtuar. Nga ky vend kufiri e ndryshon kahjen dhe vazhdon në jugperëndim duke kaluar përgjatë përrockës së paemërtuar dhe mbaron në pikën fillestare të derdhjes së saj në Ruginski Doll.

Sipërfaqja e përgjithshme e rezervatit përfshin 75 hektarë.

Neni 3

Ministri i Ambientit jetësor dhe Planifikimit hapësinor, i përcakton masat për zbatimin e mbrojtjes së rezervatit natyror rigoroz "Plloçe-Litotelmi" në afat prej 3 muajve pas hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1556.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ЛОКВИ-ГОЛЕМО КОЊАРИ", ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ

Се прогласува Законот за прогласување на локалитетот "Локви-Големо Коњари", за строг природен резерват,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2003 година.

Бр. 07-5361/1
29 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ЛОКВИ -ГОЛЕМО КОЊАРИ", ЗА СТРОГ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ

Член 1

Просторот на локалитетот "Локви - Големо Коњари" се прогласува за строг природен резерват (во натамошниот текст: резерват).

Член 2

Границата на резерватот е определена во следниве граници: од север со северната граница на катастарските парцели: 1436, 1433, 1484 и 1483 (КО Големо Коњари), односно патниот правец Прилеп-Крушево; од запад со западната граница на катастарските парцели: 1436, 1437, 1489, 1490 (КО Големо Коњари), 392, 393 и 394 (КО Мало Коњари), односно по должината на локалниот пат; од југ со јужната граница на катастарските парцели: 395, 396, 403, 476, 404 и 405 (КО Мало Коњари) и од исток со источната граница на катастарските парцели: 405, 409, 410, 411, 412 (КО Мало Коњари), 1476, 1477, 1478, 1479, 1480, 1481, 1482 и 1483 (КО Големо Коњари), односно по должината на локалниот пат.

Вкупната површина на резерватот изнесува 50 хектари.

Член 3

Министерот за животна средина и просторно планирање ги пропишува мерките за спроведување на заштитата на строгиот природен резерват "Локви - Големо Коњари" во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ I
## P[R SHPALLJEN E LOKALITETIT "LLOKVI – KONJARE E MADHE" REZERVAT NATYROR RIGOROZ

Neni 1

Hap[sira e lokalitetit "Llokvi – Konjare e Madhe", shpallet rezervat natyror rigoroz (n[ tekstin e m[tejm[: rezervati).

Neni 2

Kufiri i rezervatit [sht[ i p[rcaktuar n[ kufijt vijues: nga veriu, me kufirin e veriut t[ parcelave kadastrale: 1436, 1433, 1484 dhe 1483 ( KK Konjare e Madhe), gjegj[sisht aksin rrugor Prilep – Krushev[; nga per[ndimi,

me kufirin per[ndimor t[ parcelave kadastrale: 1436, 1437, 1489, 1490, (KK Konjare e Madhe), 392, 393 dhe 394 (KK Konjare e Vog[l), gjegj[sisht p[rgjat[ rrug[s lokale; nga jugu me kufirin jugor t[ parcelave kadastrale: 395, 396, 403, 476, 404, dhe 405 (KK Konjare e Vog[l), nga lindja me kufirin lindor t[ parcelave kadastrale: 405, 409, 410, 411, 412 (KK Konjare e Vog[l) 1476, 1477, 1478, 1479, 1480, 1481, 1482 dhe 1483 (KK Konjare e Madhe), gjegj[sisht p[rgjat[ rrug[s lokale.

Sip[rfaqja e p[rgjithshme e rezervatit p[rfshin 50 hektar[.

Neni 3

Ministri i Mjedisit jet[sor dhe Planifikimit Hap[sinor, i cakton masat p[r zbatimin e mbrojtjes s[ rezervatit natyror rigoroz "Llokvi – Konjare e Madhe" n[ afat prej tre muajve pas hyrjes n[ fuqi t[ k[tij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn n[ fuqi dit[n e tet[ nga dita e shpalljes n[ "Gazet[n Zyrtare t[ Republik[s s[ Maqedonis[".

**1557.**

Врз основа на член 65 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 62/2002, 98/2002 и 25/2003), министерот за одбрана, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОФИЦЕРИ И ПОДОФИЦЕРИ ВО НЕПОСРЕДНО ПОВИСОК ЧИН ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на унапредување на офицери и подофицери во непосредно повисок чин во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

Член 2

Унапредувањето на офицерите и подофицерите во непосредно повисок чин се врши на начин што оценувањето на резултатите од работата за периодот сметано од последното унапредување, како услов за унапредување во непосредно повисок чин утврден во член 57 и дополнителните услови за унапредување во непосредно повисок чин утврдени во член 61 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Закон), се вреднуваат во бодови утврдени со овој правилник.

Член 3

Вкупниот број на бодови по основ на оценувањето на резултатите од работата за периодот сметано од последното унапредување и по основ на дополнителните услови изнесува 1000 бодови.

Оценувањето на резултатите од работата за периодот сметано од последното унапредување учествува со 80% од вкупниот број на бодови, односно 800 бодови.

Дополнителните услови учествуваат со 20% од вкупниот број на бодови, односно 200 бодови.

Член 4

Оценувањето на резултатите од работата за периодот сметано од последното унапредување се вреднува во бодови според критериумите за оценување од член 52 од Законот, и тоа за:

- степенот на оценување „особено се истакнува" 400 бодови;
- степенот на оценување „се истакнува" 350 бодови;
- степенот на оценување „добар" 300 бодови;
- степенот на оценување „задоволува" 200 бодови.

Бројот на бодовите од став 1 на овој член се пресметува на начин што се собираат сите бодови добиени по степените на оценување за периодот сметано од последното унапредување од непосредно претпоставениот и од второпретпоставениот старешина или раководен работник, односно од комисијата за преиспитување на оценувањето, кој збир се дели со бројот на извршените оценувања за периодот сметано од нивното последно унапредување.

Член 5

За познавање светски странски јазик, што се докажува со уверение, во зависност од степенот на познавање на јазикот, може да се добијат до 50 бодови и тоа за:

- СТАНАГ 1.1.1.1. или завршен II-ри и III-ти степен ........ - 10 бодови;
- СТАНАГ 2.2.2.2. или завршен IV-ти и V-ти степен........ - 20 бодови;
- СТАНАГ 3.3.3.3. и повисоко или завршен VI-ти степен и повисоко........- 30 бодови.

За познавање на повеќе од еден светски странски јазик, што се докажува со уверение, во зависност од степенот на познавање на јазикот, утврден во став 1 на овој член, може да се добијат до 20 бодови.

Член 6

За завршени воени и други курсеви за стручно оспособување и усовршување во земјата и странство, може да се добијат до 75 бодови и тоа за:

- школа за национална одбрана - 75 бодови;
- постдипломски студии за специјализација за командноштабни должности и за завршени командноштабни академии во странство - 65 бодови;
- завршен курс за команданти на баталјон, курс за штабни должности и други курсеви соодветни на нив - 40 бодови и
- завршен курс за командири на чета, курс за командири на вод, курсеви од ПзМ, курс за мировни мисии, специјалистички и други курсеви за стручно оспособување и усовршување - 25 бодови.

Бодовите за завршени воени и други курсеви за стручно оспособување и усовршување во земјата и странство од став 1 на овој член, се добиваат само по една основа.

Член 7

За стекнато дополнително образование од значење за вршење на службата во Армијата под кое се подразбира секое дополнително стекнато воено или цивилно образование, кое е соодветно на родот односно службата и воено-евиденциската специјалност, може да се добијат до 50 бодови, и тоа за:

- завршено високо образование................ 25 бодови,
- положен правосуден испит .................... 30 бодови,
- специјализација и магистратура во научната област, која одговара на родот, односно службата.................................... 35 бодови,
- докторат во научната област која одговара на родот односно службата на која и припаѓа..................................... 50 бодови.

Бодовите за стекнато дополнително образование од значење за вршење на служба во Армијата од став 1 на овој член, се добиваат само по една основа.

Член 8

За добиени одликувања, плакети, значки, награди и пофалници, може да се добијат до 25 бодови, и тоа за:

- секое добиено одликување и плакета од последното унапредување - 15 бодови и
- секоја добиена значка, награда и пофалница од последното унапредување - 10 бодови.

Член 9

Вкупниот број на бодови со кои се вреднувани условите за унапредување во непосредно повисок чин утврдени со овој правилник за секој офицер, односно подофицер, се внесуваат во предлогот на ранг-листата на кандидати за унапредување во повисок чин.

Редоследот на кандидатите во предлогот на ранг-листата за унапредување во повисок чин се утврдува според вкупниот број на добиени бодови за сите услови за унапредување, при што за најдобро рангиран кандидат се смета кандидатот кој има добиено најмногу бодови.

Член 10

Во случај кога повеќе кандидати имаат добиено ист број на бодови за сите услови за унапредување, за најдобро рангиран кандидат се смета кандидатот кој е оценет со најмногу степени на оценување „особено се истакнува“, а во случај кога има повеќе такви кандидати, кандидатот кој има поминато повеќе години стаж во чинот или на командни должности.

Кога и во случајот од став 1 на овој член, не може да се утврди кој кандидат ќе биде унапреден во непосредно повисок чин, кандидатите со ист број на бодови се рангираат под ист реден број во предлогот на ранг-листата за унапредување во повисок чин, а кој од нив ќе биде унапреден се одлучува од страна на началникот на Генералштабот на Армијата односно министерот за одбрана, согласно Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Член 11

Предлогот на ранг-листата на кандидати за унапредување во повисок чин содржи податоци за:

- род-служба и чин во кој се врши унапредувањето;
- презиме, татково име и име на офицерите и подофицерите кои се предлагаат за унапредување во повисок чин;
- датум на раѓање;
- единствен матичен број на граѓанинот;
- од кога е во чинот;
- воеоевиденциската специјалност;
- должноста на која е поставен офицерот односно подофицерот чие унапредување се предлага и од кога е поставен на таа должност и
- вкупен број на бодови за сите услови за унапредување.

Предлогот на ранг-листата се изработува на образец РЛ-1 кој е составен дел на овој правилник (Прилог бр. 1).

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-6280/1
23 октомври 2003 година
Скопје

Министер за одбрана,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

____________________
род - служба

Прилог бр. 1
Образец РЛ - 1

**ПРЕДЛОГ НА РАНГ ЛИСТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ ВО ЧИН ____________ ВО ____________ ГОДИНА**

| Ред. бр. | Презиме, татково име и име | Датум на раѓање | ЕМБГ | Од кога е во чинот | Воеоевиденциска специјалност | Должност на која е поставен и од кога | Вкупен број на бодови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА:
1. ____________
2. ____________
3. ____________
4. ____________

РАНГ ЛИСТАТА ЈА ОДОБРИЛ
НАЧАЛНИК НА ГШ НА АРМ/
МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

М.П.

**1558.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за заштитата при работа („Службен весник на РМ“ бр. 13/98, 21/98, 33/2000 и 29/2002), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА ДОБИВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се определуваат условите што треба да ги исполнуваат правните лица за добивање овластување за вршење определени работи од областа на заштитата при работа во поглед на техничка опременост и методологија за вршење на работите.

Член 2

Под определени работи од областа на заштитата при работа од член 1 од овој правилник се сметаат:

- прегледите и испитувањата на орудијата и уредите за работа според прописите на заштитата при работа, техничките прописи и македонските стандарди;
- прегледите и испитувањата на хемиските, биолошките штетности и микроклимата според прописите на заштитата при работа, техничките прописи и македонските стандарди;
- обучувањето на работниците од областа на заштитата при работа според прописите за заштита при работа; и
- издавањето на јавна исправа дека орудијата за работа и уредите, средствата и опремата за личната заштита и за опасните и штетни материи, ги исполнуваат мерките, нормативите и стандардите за заштитата при работа, техничките прописи и македонските стандарди.

Член 3

Работите од член 2 на овој правилник, правните лица согласно закон можат да ги вршат за свои потреби и за потребите на други правни и физички лица (во натамошниот текст: „работодавци“).

Член 4

**Прегледи и испитувања на орудија за работа и уредите**

За прегледи и испитувања, правното лице треба да користи лабораториска работна просторија чија површина не може да биде помала од 25 $m^2$, работна просто-

рија со површина не помала од 20 $м^2$, а наменета за прегледи и испитувања на орудија за работа и уреди во кои владее флуид под притисок.

За вршењето на прегледите и испитувањата потребна е следната опрема и инструменти:

- мерач (шублер) на мали внатрешни, надворешни и кружни димензии за машински елементи;
- микрометар;
- мерни мостови со траки;
- манометар со опсег до 50 бари;
- агломер за свртување;
- динамометар со посег до 200 кило њутни;
- универзален инструмент од 20.000 волт/омма;
- мерач за вртежи;
- клипна водна пумпа со притисок до 50 бари;
- хронометар;
- шише со компримиран азот;
- мерач за проток на воздух од 1,5 до 100 м/сек;
- мерач на отпор на изолација на потрошувачи од 0 до 1000 мегаомма и од 0 до 20 мега ампери;
- термометар од 0 до 150 степени целзиусови;
- мерач на отпор за заземјување од 0,30 до 120 омма;
- мерило за вибрации од 0 до 3000 микрони, мм/сек и 0 до 100 Ко/мин;
- амперметар од 0 до 200 ампери;
- струјна мерна клешта од 1200 до 3600 ампери наизменична струја;
- мерач на бука од 30 до 130 децибели;
- мерач на напон на статички електрицитет од +-0 до +-200 кв/м;
- метално мерило за должина до 10 метри; и
- нагиб метар до 100 мм.

Методологијата за вршење прегледи и испитувања содржи:

- документација за начинот и постапката за прегледите и испитувањата, сообразени со постојните прописи од заштитата на работа, техничките прописи, македонските стандарди, и
- документација од извршени прегледи и испитувања на поедини орудија за работа и уреди.

Член 5

**Прегледи и испитувања на хемиските и биолошките штетности и микроклимата**

За вршење на прегледи и испитувања на хемиските и биолошките штетности и микроклимата, правното лице треба да поседува работна просторија наменета за хемиските испитувања чија површина не може да биде помала од 25 метри квадратни, работна просторија за биолошките испитувања со површина не помала од 25 метри квадратни како и 2 (две) помошни простории за складирање на реагенси и друг материјал чија поединечна површина не може да биде помала од 9 $м^2$.

Во овие простории треба да биде обезбедена вештачка вентилација со најмалку 10 измени на воздухот за 1 (еден) час како и сепаратен - додатен систем за одведување на гасовити и прашкасти состојки од работните места каде се вршат испитувањата. Во просториите наменети за складирање на реагенси и друг материјал треба да биде обезбедена вентилација со 5 измени на воздухот за 1 (еден) час.

Количествата на воздух и течности кои содржат штетни состојки, а се резултат од извршените испитувања, треба да бидат пречистени пред нивното испуштање во атмосферата и отпадниот систем.

Потребна опрема и инструменти се:

- лабораториски работни маси;
- лабораториски работни столови;
- лабораториски работни ормани;
- соодветна лабораториска стакларија;
- лабораториски хемикалии и реагенси за одредени штетности;
- инструмент за мерење токсични и отпадни гасови;
- гас анализатор со основа за мерење концентрации за: $O_2$---- 0 до 21 вол% толеранција + - 2% вол; $CO_2$---- 0 до 10000 ppm max + - 2% толеранција; CO-- од 0 до 8000 ppm max + - 2% толеранција; NOx ---- 0 до 3000 ppm; $SO_2$ од 0 до 4000 ppm;
- инструмент за мерење температура од -20 до +60 степени целзиусови;
- инструмент за мерење проток на воздух од 0 до 5 m/sec;
- инструмент за мерење релативна влажност од 10 до 100%;
- аналитичка вага за мерење до петта децимала;
- аналитичка вага за мерење од 0 до 1200 гр;
- електрични вакуум пумпи со проток на воздух од 0 до 5 l/min;
- инструмент за мерење осветленост од 0 до 50000 Lux;
- инструмент за мерење бука со работен опсег до 70 kHz и опсег на измерено ниво од 24 до 130 dB со A и C филтри за спектрална анализа до 8000 Hz;
- инструмент за мерење вибрации со индикација за амплитуда и интензитет и составен дел пиезоелектрични и индукциони вибромерачи;
- инструмент за мерење нејонизирачко зрачење од 30 Hz до 300 kHz;
- спектрофотометар;
- фазно контрастен микроскоп со зголемување до 500 пати;
- фотометар со филтри;
- p-H метар од 0 до 10 pH со температурно подрачје од 0 до 50 oC, и
- калориметар со филтри.

Методологијата за вршење прегледи и испитувања содржи:

- документација за начинот и постапката за прегледите, испитувањата сообразени со постојните прописи од заштитата на работа, техничките прописи и македонските стандарди, и
- документација од извршени прегледи и испитувања на хемиски и биолошки штетности и микроклима.

Член 6

**Обучување на работниците од областа на заштитата при работа**

За техничката опременост за давање услуги на работодавците за обучување на работниците, правното лице треба да користи просторија со површина најмалку од 30 $м^2$ со соодветна канцелариска опрема и нагледни средства, а наменета за предавање и обучување на работници од областа на заштитата при работа, и работна просторија со површина од 16 $м^2$ наменета за документација, евиденција и библиотека.

Методологијата за давање услуги за обучување на работниците содржи планови и програми за практично и теоретско обучување, посебно за дејности од стопанството со тест документација за проверка на знаењата, издадена документација за потврдување на знаењата, соодветни технички нагледни средства и друга документација.

Член 7

**Издавање јавна исправа на орудијата за работа и уредите, средствата и опремата за лична заштита и за опасните и штетни материи**

Техничката опременост за издавање на јавна исправа, наменета за орудијата за работа и уредите, опремата и средствата за лична заштита и за опасните и штетни материи, правното лице треба да ги исполнува условите согласно член 4 и член 5 од овој правилник.

Методологијата за издавање јавни исправи содржи документација за начинот и постапката за вршење снимање на состојбата на лице место за орудијата за работа и уредите, опремата и средствата за лична заштита и опасните и штетни материи, аналитичка проценка на снимаата состојба, користени прописи од областа на заштитата при работа, технички прописи, стандарди, литература и др.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1917/1
25 септември 2003 година
Скопје

Министер,
**Јован Манасијевски,** с.р.

## *Огласен дел*

### СУДСКИ ОГЛАСИ

#### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје заведен е спор за развод на брак, по тужба на тужителот Тома Македонски со моментален престој во САД, преку полномошникот, адвокатот Драган Поповски од Скопје, против тужената Тодорова Јулијана од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Тодорова Јулијана од Скопје, да се јави во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот. Во спротивно, нејзините интереси пред судот се до правосилното окончување на постапката ќе ги застапува привремениот старател, адвокатот Ружа Павлеска.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVI. бр. 1413/03. (28798)

---

Пред овој суд се води постапка за сопственост по тужба на тужителот Волчевски Дргољуб од Скопје, против Трајановиќ Борислав од Скопје, кој што е со непозната адреса.

Се повикува тужениот Трајановиќ Борислав, чие живеалиште и адреса за судот е непозната во рок од 20 дена по објавувањето на огласот, со писмен поднесок или лично на судот да му достави адреса на неговото живеалиште. Во спротивно, судот ќе му постави привремен застапник, по предметот од редот на адвокатите – адвокатот Стево Меновски од Скопје, со адреса ул. „Пајко Маало“ бр. 6, кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното завршување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II- Скопје, XIII.П.бр. 2946/03. (29018)

#### ОСНОВЕН СУД ВО БЕРОВО

Пред Основниот суд во Берово, се води постапка по оставината на покојната Анастасија Рибарска, поранешна од с. Митрашинци, заведен под О. бр. 72/99 година.

Се повикува наследникот Јован Ѓорѓовски од с. Смојмирово, сега со непозната адреса во странство-Канада, да се јави пред Основниот суд во Берово, во рок од една година од објавувањето на огласот, или да одреди полномошник кој ќе го застапува во оставинската постапка по О. бр. 72/99 година.

По истекот на овој рок судот ќе му постави на наследникот привремен застапник кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Берово, О. бр. 72/99. (29042)

#### ОСНОВЕН СУД ВО ВИНИЦА

Пред Основниот суд во Виница се води постапка за надомест на штета, по тужба на тужителот ЗИК “Брегалница“ во стечај Виница, против тужените Трајчо Трајчев од с. Пеклани и Тимко Трајчев сега на привремена работа во Германија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Тимко Трајчев да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас, или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење или да постави полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси во постапкта. Во спротивно, по истекот на овој рок неговите интереси во постапката ќе ги застапува привремениот застапник Коле Илијев, стручен соработник во овој суд, се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Виница, П. бр. 373/03. (29043)

#### ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд се води спор под П.бр. 946/2003 година, по тужба на тужителката Дано родена Абдулаи Назлије од с. Жировница, за развод на брак, против тужениот Дано Рефик од с. Требиште кој моментално е со непозната адреса во странство. Вредност на спорот е 20.000 денари.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса во странство, на истиот му се поставува привремен застапник кој што ќе ги штити правата и интересите во постапката на тужениот.

Ако тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот не се јави, ниту овластува полномошник да го застапува судот по службена должност ќе му постави привремен застапник и тоа од редовите на адвокатите во Гостивар.

За привремен застапник на тужениот му се поставува адвокатот Таип Елези од Гостивар.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 946/03. (28951)

---

Пред Основниот суд во Гостивар се води спор под П.бр. 959/2003 на тужителот Зенуни родена Муслиу Бејане од Гостивар, за развод на брак согласно член 40 од Законот за семејство, против тужениот Зенуни Лирим од с. Калишта, Гостиварско, сега со непозната адреса во странство.

Бидејќи тужениот Зенуни Лирим е во странство со непозната адреса, за привремен застапник му се поставува Павле Рафајлоски адвокат од Гостивар, кој ќе го застапува тужениот пред овој суд се до негово појавување и додека органот за старателство не му постави старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 959/2003. (28952)

#### ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово во тек е постапка за развод на брак, по тужба на тужителот Валтер Демировски од Куманово, со стан на ул. “Доне Божинов“ бр. 63, застапуван од полномошникот Димче Јакимовски, адвокат од Куманово, против тужената Тања Демировска, мом. Раимовиќ, на времена работа во Германија, сега со непозната адреса на престојување и живеење, согласно со член 40 од ЗС.

На тужената Тања Демировска, мом. Раимовиќ и се поставува привремен застапник, Слаѓана Стевковиќ, адвокат од Куманово, кој ќе ја застапува во оваа правна работа се до појавување на тужената пред судот или нејзин полномошник.

Од Основниот суд во Куманово, III. П. бр. 09-1973/2003. (28745)

#### ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во Струмица, тече постапка по тужба на тужителот Стопанска банка АД Скопје, за долг, против тужените Билјана Јованова и Васил Јованов. Вредност на спорот 870.997,00 денари.

На повеќе закажани расправи тужените не се јавуваат и од вратената достава истите се наоѓале со непозната адреса во Нов Зеланд и нема услови за одпочнување на постапката.

Се повикуваат тужените Билјана Јованова и Васе Јованов со непозната адреса во Нов Зеланд да се јават пред Основниот суд Струмица или да назначат свој полномошник за водење на постапката. Во спротивно, на истите ќе им се одреди времен застапник за водењето и правосилното завршување на спорот.

Напред наведеното да го сторат во рок од 15 дена сметано од денот на огласувањето.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 1/02 и 2/02. (29193)

Пред Основниот суд во Струмица, како првостепен граѓански суд постапувајќи преку судијата Василка Василева, по тужба на тужителот Цеков Стојан од с. Секирник, против тужените Панде Атанасов од с. Седларци, Марјан Атанасов од с. Седларци, Златко Атанасов од с. Седларци, а сега со непозната адреса во странство, Ацо Атанасов од с. Седларци, Горан Поцев од с. Турново и Драги Поцев од с. Турново, по основ сопственост. Вредност на спорот 9.000 денари и решение на овој суд донесено на ден 30.10.2003 година, согласно член 78 и 80 од ЗПП, во присуство на тужителот, а во отсуство на тужените го објавува, огласот

Се повикува тужениот Атанасов Зоран од с. Седларци, сега со непозната адреса и место на престојувалиште во странство да се јави пред Основниот суд во Струмица, во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас или да определи свој полномошник кој ќе го застапува пред судот по однос на постапката заведена од тужителот Цеков Стојан од с. Седларци, против тужените Атанасов Панде, Атанасов Марјан, Атанасов Ацо, Атанасов Златко од с. Седларци, и Драги и Горан Поцев од с. Турново, под П. бр. 249/03, се до правосилното окончување на постапката и истовремено се предупредува тужениот Атанасов Златко од с. Седларци, доколку не се јави на овој оглас во определениот рок, ниту пак достави известување, за негов полномошник му се определува привремен застапник и тоа од редот на стручните работници од Основниот суд во Струмица, лицето Цонка Каламерникова од Струмица, која ќе го застапува се до правосилното окончување на овој спор, со сите права и обврски што ги има тужениот.

Огласот да се објави во “Службен весник на РМ“ и на огласната табла во судот.

Од Основниот суд во Струмица, П. бр. 249/03. (29045)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за надомест на штета по тужба на Димитрија Јанковски и др. од с. Фалиште, против тужените Бафти Фатмир од с. Сараќино Тетовско, сега со непозната адреса во странство и Хебиб Амети од с. Бродец Тетовско, сега со непозната адреса во странство.

Се повикуваат тужените Бафти Фатмир од с. Сараќино Тетовско, сега со непозната адреса во странство и Хебиб Амети од с. Бродец Тетовско, сега со непозната адреса во странство да се јават во Основниот суд во Тетово, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да одредат полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјална работа Тетово ќе им биде одреден привремен застапник кој ќе ги застапува до правосилното завршување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 1042/2003. (29039)

---

Пред овој суд се води постапка за утврдување на татковство по тужба на Ибраими Јасмина и др., против тужениот Ибраими Бајрам од с. Камењане сега со непозната адреса.

Се повикува Бајрам Ибрахими од с. Камењане, сега со непозната адреса, да се јави пред Основниот суд во Тетово, во постапката по тужба на тужителката Јасмина Ибрахими и др., од с. Камењане за утврдување на татковство, заведен под П. бр. 1157/03, во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас. Во спротивно, на именуваниот ќе му биде поставен времен старател кој ќе го застапува во текот на постапката па се до окончувањето на постапката со сите права и обврски на странката.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 1157/03.(29041)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под Рег. бр. 1637, се запишува здружението на граѓани Здружение на граѓани за спорт и рекреација “ЏОРЏ СИТИ“, со скратено име: Здружение на граѓани “ЏОРЏ СИТИ“, со седиште во Скопје, ул. “Ѓорче Петров“ бб.

Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на физичка култура, спор и рекреација, светски и европски натпреварувања како и планирање, унапредување, развивање и реализирање на секоја спортска активност и тоа преку разни форми на спортски и рекреативни активности.

Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 22.10.2003 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З. Г. бр. 188/03. (28823)

---

Барањето за промена на име и измена и дополнување на Статутот на Ватерполо клуб ОРКИ, со седиште во Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149-2/15, се уважува.

Во иднина името на здружението на граѓани ќе гласи: ОРКИ - Скопје, со скратен назив ОРКИ.

Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации под Рег. бр. 1061 се запишуваат измените на Статутот на ОРКИ - Скопје, заведени под З. Г. Бр. 111/01 од 26.02.2003 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, З. Г. бр. 111/01. (28824)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје, со решение III. Рег. Зг. бр. 72/03 од 14.10.2003 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани Кошаркарски клуб “ЗАРА“ - Скопје, со седиште на бул. “АВНОЈ“ бр. 54/27 во Скопје.

Цели и задачи на здружението се: остварување и развивање на кошарката како спорт во согласност со потребите на членовите на клубот, создавање на млади перспективни кошаркари, како и пошироко според програмите од областа на спортот и зголемување на бројот на членовите на клубот, организирање на натпревари во рамките на клубот и учество во натпревари организирани од Кошаркарскиот сојуз на РМ, на сите нивоа.

Со денот на запишување во регистарот на здруженија на граѓани и фондации Здружението на граѓани Кошаркарски клуб “ЗАРА“ - Скопје, се стекнува со својство на правно лице.

